Врз основа на членовите 123, 131 и 132 од Законот за високото образование (Службен весник на РМ, бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16); Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот во Тетово; како и во согласност со членот 144 од Статутот на Универзитетот во Тетово; се објавува

# К О Н К У Р С

за избор-реизбор на соработници
на Универзитетот во Тетово

Се објавува Конкурс за избор-реизбор на соработници на Универзитетот во Тетово, на следниот начин:

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Еден асистент-докторант за предметите од областа на економија.

**Услови за звањето асистент - докторант:**

- диплома за звањето магистер на науки од научната област во која се избира, како и доказ за запишување на докторски студии;
- кандидатите кои конкурираат треба да имаат континуитет во студиите од соодветната област;
- список за објавени научни и стручни трудови (по еден примерок од трудовите);
- кратка биографија (CV);
- да го приложи магистерскиот труд;
- потврда за познавање странски јазик;
- познавање на албанскиот јазик – пишување и читање;
- извод од матичната книга на родените;
- уверение за државјанство.

*Кандидатите треба да ги исполнуваат условите за избор на асистент-докторант предвидени со член 125-а од Законот за високото образование.

*Пријавата со потребните документи кандидатите треба да ја достават во рок од 5 работни дена, од денот на објавувањето на Конкурсот, во Архивата при Ректоратот на Универзитетот во Тетово, на адреса: Ректорат на Универзитет во Тетово, ул. Илинденска, б.б. Тетово.

**Тетово, 07.02.2018** **Универзитет во Тетово**